Врз основа на член 13 став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20 и 85/21) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧНИТЕ АКОНТАЦИИ НА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД ОСТВАРЕН ОД ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

**(“Службен весник на РСМ” број 292 од 09.12.2020 година и број 90 од 23.04.2021 година)**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност.

Член 2

Барањето за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност се поднесува на образец „ДЛД-ОМА/2” отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 20-2960/1
22 април 2021 година
Скопје
с.р.

Министер за финансии,
д-р Фатмир Бесими,